ЈУБИЛЕЕН КОНКУРС ЗА ГОДИШНИ НАГРАДИ НА ЗНМ

26/01/2026 20:16 НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) годинава ќе додели три награди за новинари, наградата „Крсте Петков Мисирков“ за животно дело, наградата „Јашар Еребара“ за истражувачко новинарство и награда за најдобро новинарско известување за теми од локално и регионално значење за 2025 година.



1.За наградата за животно дело кан ат сами или по предлог на тројца новинари. Освен личните податоци ија, во пријавата се доставува и образложение за остварувањата на осебна трага во македонското новинарство.

2. Кандидатите за годишната награда за истражувачко новинарство се пријавуваат сами или по предлог на тројца новинари. Медиумските продукти треба да бидат сериозни новинарски истражувања објавени во текот на 2025 година во медиумите во Македонија, посветени на важни прашања за поширокатa заедница. Приказните треба да откриваат злоупотреби на власта и моќта, како и кршење на човековите права и слободи. Тие треба да бидат оригинални и поткрепени со факти проверени од разни извори на информации.

3. Кандидатите за наградата за најдобро новинарско известување на теми од локално и регионално значење за 2025 година потребно е да работат или да се ангажирани во локални и регионални медиуми или пак да се дописници на национални медиуми во државата, надвор од градот Скопје. Пријавата и за оваа категорија може да биде поднесена од самиот новинар или по предлог на тројца новинари.

Во апликацијата за наградата за истражувачко новинарство и новинарско известување на теми од локално и регионално значење за 2025 година потребно е да се наведе функционален линк од објавата, а доколку се доставува лично во канцелариите на ЗНМ материјалот треба да биде испечатен или снимен на USB. Пријавите за овие категории на награди треба да содржат најмногу до два новинарски продукти кои се објавени во текот на минатата година.

Пријавите треба да се достават до ЗНМ најдоцна до 26 јануари (понеделник) 2026 година и тоа:

– На електронска пошта: contact@znm.org.mk, лице за контакт: Елизабета Стојановиќ – 02/3298-139.

Предметот на електронската порака треба да биде „ЗА ЗНМ НАГРАДА 2025“ а секој апликант ќе добие повратна порака за прием.

– Препорачана пошта, адресирани до: Здружение на новинарите на Македонија, Градски Ѕид, блок 13, 1000 Скопје, РСМ или

Пријавите треба да бидат означени: „За ЗНМ НАГРАДА 2025“ во предметот на електронската порака или напишано на ковертот.

На добитникот на награда за животно дело ќе му се додели плакета, додека за другите две (за најдобрата истражувачка сторија и за наградата за најдобро новинарско известување на теми од

локално и регионално значење за 2025 година наградените ќе добијат плакета, како и парични награди во износ од 1.000 евра по награда во денарска противредност.

Изборот на добитниците ќе го изврши Комисија за доделување на наградите на ЗНМ.

25 January 2026

ПО ОСВОЈУВАЊЕТО НА ПАЗАРИТЕ ВО САД И ПАНАМА, МАКЕДОНСКИОТ „ДИГИТАЛЕН ТРГОВЕЦ“ СЕ ВРАЌА ДОМА

Да се изгради технолошки производ во Македонија е предизвик; да се лансира истиот на најконкурентните светски пазари и да се постигне успех, е потврда за квалитет од светски рамки. **Amenexia**, напредниот AI shopping асистент развиен од македонски основач и тим, ја прави токму таа револуција. По официјалните лансирања и консолидација на пазарите во Соединетите Американски Држави и Панама, ова решение за првпат официјално се претставува пред македонската e-commerce заедница. За Игор Илиевски, основачот зад Amenexia чие патување започна со првата онлајн продавница од подрумот на неговиот дедо во Македонија уште во далечната 2004 , ова е повеќе од бизнис експанзија. Ова е доказ дека од Македонија може да се гради конкурентен tech производ за глобалниот пазар, производ кој сега е достапен и за домашните компании. **Ова не е приказна за уште еден „chatbot“** Е-трговијата често страда од „тишина“ моментот кога купувачот има прашање, а нема кој да му одговори. Amenexia не е уште еден генерички chatbot за корисничка поддршка; тоа е практичен AI производ дизајниран директно да влијае на продажбата и корисничкото искуство. „Онлајн продавниците не ги губат купувачите поради лоши производи, туку во финалните фази на одлучување, кога остануваат со неодговорени прашања,“ истакнува Илиевски. „Проблемот е што многу дигитални продавници денес се однесуваат како каталози, а не како вистински продавници. Замислете да влезете во бутик за маици, но наместо да можете да ја допрете облеката или да прашате некого за совет, гледате само фотографии на sидовите. Тоа е реалноста на многу онлајн продавници: многу реклами, но малку внимание,“ објаснува тој. За разлика од стандардните решенија, Amenexia функционира како „дигитален продавач“ достапен 24/7. Таа не само што одговара, туку може да открие дали клиентот е фрустриран или неодлучен и да реагира емпатично, слично како што би направил добар продавач во физичка продавница. **Крај на хаосот во „Inbox“ нарачките** Посебна вредност Amenexia носи за специфичните навики на пазарот. „Вообичаено да се видат продавници кои користат пораки (Inbox/Viber) како главен канал, каде се договараат нарачки рачно. Иако тоа ја затвора продажбата моментално, создава хаос, податоците не се консолидирани, а залихите не се ажурираат,“ вели Илиевски. Amenexia го професионализира овој процес, нудејќи ја потребната „човечка“ комуникација што ја гради довербата кај нашите купувачи, но на целосно автоматизиран начин. **Глобален продукт, македонски код** Лансирањето во САД, пазар познат по својата сатурација и високи стандарди, како и во Панама, послужи како краен тест за технологијата. Квалитетот на иновацијата беше потврден и со престижната награда за „Животно дело во технологијата“ на BURJ CEO Awards во Дубаи, признание што докажува дека иновацијата нема пасош и дека од тука може да се креираат решенија со глобално влијание. Сега, тој глобален стандард станува локална реалност. „Нашата визија беше да создадеме технологија доволно моќна за Њујорк, но со ДНК од Скопје,“ вели тимот на Amenexia. Со ова лансирање, македонската е-трговија добива алатка која не само што го модернизира работењето, туку и ја демократизира употребата на вештачка интелигенција, овозможувајќи им на домашните бизниси да

понудат светско корисничко искуство. Amenexia е доказ дека иновацијата нема граници и дека македонскиот талент е подготвен да ги води глобалните трендови, а не само да ги следи.